**Реформата во здравствениот и образовниот систем се на врвот на листата најзначајни реформи**, односно реформи кои би имале најпозитивен ефект врз секојдневниот живот на граѓаните. Ова го покажа најновото истражување на МЦМС и Телевизија Телма посветено **прашањата на евроинтеграциите**. Речиси **една третина од граѓаните (32%) на прво место го ставиле здравствениот систем**, а речиси **една четвртина (23%) предност му дале на образованието**. На трето место според важност е борбата против корупцијата (12%). Резултатите се изненадување ако се имаат предвид претходни истражувања во кои првите неколку места се резервирани за тнр. егзистензијални прашања како вработувањето, сиромаштијата или економијата генерално.




Интересот за образовната реформа опаѓа со зголемувањето на возраста на

испитаниците од 34% кај оние на возраст помеѓу 18 и 29 години на 15% кај оние над 66 години. Од друга страна пак, здравствената реформа, гледано по возрасни групи, им е најважна на оние над 66 години (40%). Гледано низ призмата на етничката припадност, етничките Македонци (34%) се позагрижени за реформата на здравствениот систем во однос на етничките Албанци (22%), додека последниве се повеќе заинтересирани за борбата против корупцијата (20%) во споредба со нивните сограѓани етничките Македонци (10%).

Реформата на правосудството е најприоритетна за 11% од граѓаните. За сите други, како што е реформата на јавната администрација, подобрата животна средина, заштитата на човековите права се изјасниле 6% или помалку од граѓаните.

Мнозинство од граѓаните (65%) сметаат дека реформите и се потребни на земјата затоа што тие ќе создадат подобар живот, додека 22% сметаат дека тие се потребни за да и обезбедат на државата влез во Европската Унија. Реформи за подобар живот е почест одговор кај етничките Македонци (71%) отколку кај етничките Албанци (49%), односно, реформите за влез во ЕУ има повеќе поддршка кај етничките Албанци (36%) отколку кај етничките Македонци (17%).

Прашани дали имаат идеја, колку отприлика добива Македонија годишно од фондовите на ЕУ, мнозинство од граѓаните (61%) рекле дека не знаат. Опаѓа бројот на оние кои не знаат со зголемувањето на степенот на образование од 89% кај оние со незавршено основно образование до 45% кај оние со завршено високо образование. Уште поголем е бројот на оние кои не слушнале за проект финансиран од ЕУ, односно тој процент изнесуваат 82%. Проектите за кои слушнале испитаниците најчесто се однесуваат на изградба на патишта, рурален развој (ИПАРД), справување со Ковид-19, екологија, здравство и подобрување на образованието.

За МЦМС и Телма, анкетата ја спроведе М-проспект. Податоците за последната анкета беа прибирани со телефонска анкета во периодот од 16 до 21 јуни 2020 година. Анкетата е спроведена на национален репрезентативен примерок од 1003 испитаници. Истражувањето е дел од проектот „ЕУро Фокус“, што го поддржа проектот „Нордиска поддршка за напредокот на Северна Македонија“.